ДОМ НА КУЛТУРА „Григор Прличев" - ОХРИД

9-16 08 1986

# изложба

# ДИМЕ ШУМКА



Немавме среќа ни со времето, ни со историјата.

Ниту безбедни чуварници за скапоценостите, ниту раскошни здания за свечености — имавме. Манастирите наизменично ги прогласувавме за главни градови и широчината на болката секогаш ни се поклопуваше со границите на Татковината.

Затоа, бевме принудени наследството да го предаваме од око в око, од уво во уво, од уста в уста, од срце в срце, од тага в тага — за да не ни се оспори присуството меѓу оние со корен и меѓу оние со право на иднина.

Пренесувачите на наследството ретко добивале заслужена награда и со заложувањето на сопствениот живот ја стекнувале довербата на народот. Пофални песни треба да им пееме оти она што успеаја да го дочуваат до нашиве денови ни со око се догледува, ни со уво се дослушува, ни со уста се докажува, ни со срце се докупува.

Оттаму, Диме Шумка примете го како еден од нив, но многу посреќен од претходниците, зашто наследството многувековно му служи за возбуда и радување и со него ги послужува оние на кои возбудата и радувањето им се живот откупен со мили и млади животи на овој народ. На оваа негова бакарна тетратка вешто, топло и растреперено си ја препишал душата, никогаш докраја да не се знае до каде е неговата душа, а од каде почнува душата на наследството.

Не без причина и овие силни воини и овие прекрасни жени што раѓале наследници — Диме Шумка ги привел за сведоци за веродостојноста на преписот на неговата душа врз овие бакарни листови. Нивното сведочење е вон секаков сомнеж и уметникот Диме Шумка може да биде спокоен!

Бошко Смаќоски

*Диме,*

*. . . Честитајќи ти ја изложбата*
*да ти одговорам — ја бараш*
*како прилог во каталогот*
*песната МЕРА. Секако,*
*тоа е мера за една*
*мала земја. И за нас.*
*Ќе те потсетам на*
*тие стихови:*

*Педа небо чекор нива*
*сон на дланки*
*капка море*
*грст 'рж дива*
*беломагла нишка танка*
*здив на луња*
*ветар в грло*
*жеден бунар*
*гладно трло*
*тоа е Македонија*

*Славко Јаневски*

„Н А С Л Е Д С Т В О"

1. УНАПРЕДЕНИ ВО СВЕТЦИ
2. ПРСТЕНОТ НА ЦАР САМОИЛ
3. ПРАЗНИК НА ЦАРОТ
4. СВАДБАТА ВО ПРЕСПА МАКЕДОНСКА

■ ОД КОВЧЕГОТ НА ОХРИД: АНТИЧКИ ОДБЛЕСОЦИ

5. БУДЕЊЕ
6. ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ИЗВОРОТ
7. РАДОСТ
8. БОГАТО ПЛАДНЕ
9. ДОВИКУВАЊЕ НА ЉУБОВТА
10. ЧЕДНОСТ
11. НЕРАМНОПРАВНОСТ

■

12. БИЛЈАНА I
13. БИЛЈАНА II
14. БИЛЈАНА III
15. НЕВЕСТИ
16. ИКОНОСТАС
17. ПО СВАДБАТА
18. КИТКА
19. НЕВЕСТА ОД ВОДЕНСКО I
20. НЕВЕСТА ОД ПИРИНСКА МАКЕДОНИЈА
21. РЕСЕНСКА СНАА
22. СВЕТА ЗЛАТА МЕГЛЕНСКА

Издавач:

Дом на култура
„Григор Прличев" - Охрид

Директор:
Видое ВИДИЧЕСКИ

Уредува:
Менка ЗМЕЈКОСКА

Печати:
„К. Абрашевиќ" - Охрид
Тираж: 150